Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 02-209/2
21.8 20 20 год.

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021-2023 ГОДИНА

## 1.1. МИСИЈА

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка има мисија да обезбеди висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

## 1.2. ВИЗИЈА

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциски и прекршочни постапки, преку квалитетна и транспарентна работа.

## 1.3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

1.3.1. Решавање на предмети оформени по жалби изјавени против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.

- Зајакнување, развој и одржување на стручната служба на Државната комисија;
  - ✓ Зајакнување на просторниот капацитетет на Државната комисијата со канцеларии, канцелариски материјал, комјутери и др.;
  - ✓ Воведување на систем за електронска евиденција на предмети, согласно законските и подзаконските акти.

1.3.2.Одржување на ВЕБ-страна на Државната комисија базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса во областа на инспекциката постапка и прекршоците;

1.3.3.Учество во подобрувањето на правната рамка која го уредува системот на инспекциските и прекршочните постапки во Република Северна Македонија.

## 1.4. ОПИС НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа, има својство на правно лице и се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија.

Својата надлежност, решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка, ја остварува согласно Закон за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2014 бр.53/2016 и 11/2018), а во постапката ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците доколку со наведениот или друг закон поинаку не е уредено.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија се уредува со Деловник кој го донесува Комисијата.

По жалбените предмети Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови. Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена, а на седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање. Седниците на Државната комисија не се јавни.

Државната комисија одлучува во рок од два месеци од денот на поднесување на жалбата.

Кога Државната комисија постапува по изјавена жалба против решение кое еднаш било поништено и вратено на повторно решавање, постапувајќи по жалбата, Државната комисија доколку располага со доволно докази и податоци за утврдената фактичка состојба сама ќе го реши предметот.

Доколку Државната комисија не донесе решение во рокот подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Против решението на Државната комисија може да се покрене управен спор пред надлежен суд, а тужбата против решението на Државната комисија го одлага извршувањето на решението.

Забранет е секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања, заради влијаење на текот и исходот на постапката.

Во постапката по жалба пред Државната комисија против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на изречената глоба. Надоместокот и таксата се приход на Буџетот на Република Северна Македонија

Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година, за усвојување, а на барање на Собранието на Република Северна

Македонија Државната комисија е должна да поднесе извештај и за период пократок од една година.

## 1.5. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

Државната комисија е составена од претседател и 6 (шест) члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се избираат за период од пет години со право на повторен избор.

Државната комисија има стручна служба. На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административни службеници.

Согласно, Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија број 0101-76 од 31.07.2015 година, предвидени се три Сектори и две Одделенија како посебни организациони единици, додека согласно Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија број 0101-77 од 31.07.2015 година, број 0101-37 од 25.01.2016 година, број 0101-37/2 од 11.02.2016 година, број 01-37/3 од 09.06.2016 година и број 0101-410/2 од 07.12.2018 година, се утврдени вкупно 74 работни места на административните службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија, од кои во моментот се пополнети само 20 работни места.

Согласно со обемот и природата на работата, како и досега постигнатите резултати во работењето, Државната комисија смета дека и со помал број на административни службеници од бројот предвиден во постојниот Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија, може успешно и навремено да ја врши работата поради што истата кон крајот на 2019 година изготви Функционална анализа и нов Правилник за систематизација на работни места во стручната служба, кој е во постапка на одобрување од надлежните органи и во кој е намален бројот на систематизирани работни места од 74 на 49, односно истиот е усогласен согласно законските одредби.

## 1.6. АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Во ова поглавје презентирани се Активностите за остварување на стратешките цели на Државната комисија, индикаторите и потребните финансиски средства за реализација на поставените стратешки цели.

1. **Решавање на предмети оформени по жалби изјавени против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.**

Остварувањето на првата стратешка цел ќе се одвива преку под целите и тоа:

- Зајакнување, развој и одржување на стручната служба на Државната комисија преку:

  -вработување на 10 нови лица како административни службеници во Државната комисија во 2021 година (која бројка на нови вработувања е неопходно потребна за Државната комисија поради зголемениот обем на работа но и поради заминување на 6 административни службеници од комисијата во изминатиот период),

  -назначување на Генерален секретар на комисијата, како законска обврска согласно член 23 став (3) од Законот за административни службеници,

  -организирање на обуки, посета на семинари и конференции кои се однесуваат на закони кои се применуваат во работењето на Државната комисија, како за членовите така и за вработените во Државната комисија, за што во Буџетот на Државната комисија за 2021 година се предвидени 200.000,00 денари.

- Зајакнување на просторниот капацитетет на Државната комисијата со канцеларии, канцелариски материјал, комјутери и др преку:

  -зголемување на бројот на канцеларии што ќе овозможи услови за нормално работење на членовите и стручната служба имајќи предвид дека моментално по двајца членови, односно по двајца извршители се сместени во една канцеларија, така што со реализација на предвидениот број на новите вработувања во текот на 2021 година, комисијата ќе се соочи со дефицит на просторините капацитети, односно немање на доволен број на канцеларии за сместување на новите вработени и поради тоа истата ќе побара да и бидат дадени на користење уште најмалку 5 канцеларии за да обезбеди просторни услови за сместување на сите вработени;

  -Купување на компјутери за што во Буџетот на Државната комисија се предвидени 100.000,00 денари.

  -Воведување на систем за електронска евиденција на предметите што ќе допринесе за побрзо и полесно пребарување на предметите како и списите во истите.

**Индикатори за постигнување на резултатот од подцелите:**

- Број на вработени административни службеници
- Број на посетени обуки, семинари и конференции
- Број на обезбедени канцеларии
- Број на купени компјутери.

**Индикатор за постигнување на Стратешката цел:**

- Број на решени предмети наспроти број на примени предмети

### 1.3.2. Одржување на ВЕБ-страна на Државната комисија базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса во областа на инспекциските постапки и прекршоците

ВЕБ - страната претставува дво-насочна комуникација помеѓу претставниците на јавниот и приватниот сектор од една страна и на Државната комисија од друга страна. Државната комисија како независен државен орган својата главна улога ја има во решавањето по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка. Преку објавување на сите потребни информации на ВЕБ - страната, тоа: основни податоци за локацијата и контактот, надлежноста, законите и подзаконските акти кои Државната комисија ги применува во нејзината работа, годишните извештаи за работа, Правилници за систематизација и организација, Деловник за начин на работа и одлучување на Државната комисија и податоци за Претседателот, Заменикот Претседател и членовите на Државната комисија значително ќе се зголеми транспарентноста на Државната комисија и нејзината сервисна ориентираност кон заинтересираните физички и правни лица.

Со воспоставувањето и одржувањето на ВЕБ - станата, се овозможува на претставниците на јавниот и приватниот сектор да доаѓаат до информациите за кои се заинтересирани, на соодветен начин, во реално време.

Оваа стратешка цел се поставува неколку години station наназад од причина што истата е од големо значење за Државната комисија но и сеуште не е до крај реализирана, односно сеуште е во фаза на реализација од причина што Државната комисија нема ангажирано лице кое ќе се грижи за постојано одржување на веб-страната и ажурирање на податоците на истата.

**Резултати**

- Постигнатите резултати од наведената стратешка цел не се конечни и задоволителни бидејќи во Државната комисија нема лице кое ќе биде задолжено само за одржување на веб страната, односно за објавување и ажурирање на сите потребни информации на ВЕБ – страната и тоа: основни податоци за локацијата и контактот, надлежноста, законите и подзаконските акти кои Државната комисија ги применува во нејзината работа, Упатството

за начинот на движење на предмети оформени по жалбите изјавени против решенијата донесени во прв степен во инспекциска постапка и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка, Кодекс за однесување на вработените во Државната комисија, годишните извештаи за работа, Правилници за систематизација и организација, Деловник за начин на работа и одлучување на Државната комисија и податоци за Претседателот, Заменикот Претседател и членовите на Државната комисија.

**Индикатори за постигнување на резулататот**

- Број на посетители на официјалната ВЕБ - страна;
- Тековно одржување на сите информации објавени на ВЕБ страната.

За реализација на втората стратешка цел во Буџетот на Државната комисија се предвидени по 80.000,00 денари, за секоја година опфатена во стратешкиот план.

**1.3.3: Учество во подобрувањето на правната рамка која го уредува системот на инспекциски постапки и прекршоци во Република Македонија**

Членовите и стручната служба треба да земат активно учество во процесот на надградба и подобрување на законската и подзаконска регулатива со која се уредува системот инспекциски постапки и прекршоци во Република Македонија. Државната комисија треба активно да го следи спроведувањето на законската рамка и да сигнализира за потребата од преземање мерки за подобрување или корекција на одредени одредби. Тоа ќе допринесе до подобрување на примената на законските решенија, преку отстранување на недостатоците кои се идентификувани во примена на законската и подзаконска регулатива.

**Резултати**

- Вклучување на Државната комисија во давање мислење по однос на измените и дополнувањата на законската и подзаконска регулатива од областа на инспекциските постапки и прекршоците.

  Претставници на Државната комисија да бидат дел од работните групи при секоја измена и дополнување на законската и подзаконска регулатива од областа на инспекциските и прекршочните постапки да даваат мислења по предложените решенија, како и сопствени иницијативи за соодветни измени во насока на подобрување на законската рамка.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Донесени измени и дополнувања или нови закони и подзаконски акти кои се однесуваат на инспекциските и прекршочните постапки.